РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Сектор за макроекономска политика



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

јули, 2017 година

## СОДРЖИНА

Резиме ........ 2

I. Реален сектор

Индустриско производство ........ 3

Број на работници во индустријата ........ 4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ........ 4

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ........ 5

Инфлација ........ 6

Берзански цени ........ 7

2. Надворешно-трговска размена

Извоз ........ 8

Увоз ........ 9

Салдо на трговска размена ........ 10

Валутна структура ........ 10

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација ........ 11

Приходи по буџетски корисници ........ 12

Буџетски расходи според економската класификација ........ 13

Расходи по буџетски корисници ........ 14

Буџетско салдо ........ 16

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ ........ 17

Плати ........ 17

Пензии ........ 18

5. Монетарен сектор

Примарни пари ........ 19

Депозитен потенцијал ........ 19

Кредити на банките ........ 20

Каматни стапки на депозитни банки ........ 21

Пазар на капитал ........ 21

Девизни резерви ........ 21

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

јули, 2017 година

- Индустриското производство во јули 2017 година во споредба со јули 2016 година забележа пад од 2,2%;

- Потрошувачките цени во јули 2017 година се зголемија за 1,2% во однос на јули 2016 година, по годишниот раст од 1,5% во јуни 2017 година;

- Во периодот јануари – јули 2017 година извозот забележа раст од 13,8%, а увозот од 10,3%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 1,5%, споредено со истиот период во 2016 година;

- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари – јули 2017 година изнесуваа 101.542 милиона денари, односно 16,1% од БДП, што претставува поголемо остварување за 4,7% во однос на истиот период од 2016 година.

- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – јули 2017 година изнесуваа 112.243 милиони денари, односно 17,8% од БДП, што е за 6% повеќе во однос на истиот период 2016 година.

- Вкупните кредити на банките во јули 2017 година се зголемија за 4,9% во споредба со јули 2016 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 7,3%.

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Во јули 2017 година индустриското производство забележа пад од 2,2% во споредба со јули 2016 година. Анализирано по сектори, раст е забележан единствено во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 2,1%, додека во секторите Рударство и вадење камен и Преработувачка индустрија е забележан пад од 3,4% односно 2,6%.




Најголем позитивен придонес во годишната промена на индустриското производство во јули 2017 година има гранката Производство на прехранбени производи (0,6 процентни поени), а најголем негативен придонес има гранката Производство на облека (-1,5 процентни поени).

На кумулативна основа, индустриското производство во првите седум месеци од 2017 година во однос на истиот период во 2016 година забележа раст од 0,7%. Раст е забележан единствено во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 11,2%, додека во секторите Рударство и вадење камен и Преработувачка индустрија е забележано намалување на производството од 0,4% односно 0,2%.




Податоците за индустриското производство по наменски групи во јули 2017 во однос на јули 2016 година покажуваат зголемување на производството кај групите Нетрајни производи за широка потрошувачка од 1,4% и Енергија од 0,6%. Намалување на производството е забележано кај групите: Капитални производи од 2,5%, Интермедијарни производи, освен енергија од 5,6% и Трајни производи за широка потрошувачка од 14,2%.

На кумулативна основа, во периодот јануари – јули 2017 година во однос на истиот период во 2016 година раст е забележан кај групите Енергија од 8,3% и Капитални производи од 5,7%. Пад на производството е забележан кај групите: Трајни производи за широка потрошувачка од 4,5%, Нетрајни производи за широка потрошувачка од 3,1% и Интермедијарни производи, освен енергија од 0,1%.

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата на годишно ниво во јули 2017 година забележа раст од 2,6%. Растот се должи на зголемениот број работници во секторот Преработувачка индустрија од 3,0%, а раст е забележан и во секторот Рударство и вадење камен од 0,3%. Во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација е забележан пад од 0,3%.

На кумулативна основа, бројот на работници во индустријата во првите седум месеци од 2017 година во споредба со истиот период во 2016 година е зголемен за 1,1%. Раст е забележан во секторите Преработувачка индустрија од 1,2% и Рударство и вадење камен од 0,3%, додека бројот на работници во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација бележи намалување од 0,5%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во јули 2017 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите: Капитални производи од 11,8%, Интермедијарни производи, освен енергија од 8,1%, Трајни производи за широка потрошувачка од 2,7% и Енергија од 0,9%. Пад е забележан единствено во групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 2,1%.

Графикон 1.3. Стапка на раст на бројот на работници и продуктивноста во индустријата; Извор: ДЗС и пресметки на МФ




На кумулативна основа, во периодот јануари – јули 2017 година во однос на истиот период во 2016 година раст на бројот на работници е забележан во групите: Капитални производи од 9,7%, Трајни производи за широка потрошувачка од 4,1%, Интермедијарни производи, освен енергија од 3,9% и Енергија од 0,7%. Намалување на бројот на работници е забележан единствено во групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 2,6%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во јули 2017 година е поповолна во однос на јуни 2017 година, а поповолна е и во однос на истиот месец 2016 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во јули изнесува 65,3%, што претставува зголемување во однос на претходниот месец, кога изнесувало 64,9%. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е повисока за 0,4 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во јули 2017 година имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 20,0%, недостигот на квалификувана работна сила со 19,2%, недоволната домашна

побарувачка со 17,9%, неизвесното економско окружување со 12,4%, финансиските проблеми со 11,1% и конкурентниот увоз со 7,9%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во јули 2017 година во споредба со претходниот месец е поповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се поволни во однос на јуни 2017 година, а залихите на готови производи на месечно ниво се зголемени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во јули 2017 година издадени се вкупно 205 одобренија за градење, што претставува намалување од 19,9% на годишна основа. Споредено со јуни 2017 година, кога биле издадени 230 одобренија за градење, бројот на издадени одобренија за градење бележи пад од 10,9%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во јули 2017 година во однос на истиот месец претходната година се намалила за 55,1%. Споредено со претходниот месец, вредноста на објектите се намалила за 59,1%.

Графикон 1.4. Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на работите; Извор: ДЗС




Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 124 (или 60,5%) се наменети за објекти од високоградба, 24 (или 11,7%) за објекти од нискоградба и 57 (или 27,8%) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 205 издадени одобренија за градба, на 134 објекти (или 65,4%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 71 објект (или 34,6%) инвеститори се деловни субјекти.

Во јули 2017 година предвидена е изградба на 210 стана, со вкупна корисна површина од 19.748 $m^2$. Бројот на предвидени станови за изградба на месечна основа е намален за 77,3%, а во однос на јули 2016 година е намален за 70,5%.

Графикон 1.5. Број на издадени одобренија за градење по региони, во јули 2017 година; Извор: ДЗС




## Инфлација

Потрошувачките цени во јули 2017 година се зголемија за 1,2% во однос на јули 2016 година, по годишниот раст од 1,5% во јуни 2017 година. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари – јули 2017 година изнесува 0,9%.

Категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, во јули забележа годишен раст на цените од 0,9%, при што највисок раст имаа цените на кафе, чај и какао (за 6,8%) и овошје (за 3,9%).




Највисок годишен раст на цените во јули 2017 година е забележан во категоријата Комуникации од 9,5%, следена со порастот на цените во категориите: Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 6,6%, Ресторани и хотели од 4,3%, Транспорт од 1,9% и Облека и обувки и Рекреација и култура од по 0,8%.

Годишен пад на цените во јули е регистриран во категориите: Останати стоки и услуги од 1,2%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 1,0%, Здравје од 0,5%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,4% и Образование од 0,3%.




Потрошувачките цени во јули 2017 година се намалија за 0,6% во однос на претходниот месец. Намалување на цените е забележано во категориите: Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 1,2%, Храна и безалкохолни пијалаци од 1,1%, Транспорт од 0,8%, Облека и обувки од 0,5%, Здравје од 0,3% и Комуникации и Домување, вода, електрика, гас и други горива од по 0,2%.

Раст на цените на месечна основа е регистриран во категориите: Рекреација и култура од 1,1%, Ресторани и хотели од 0,8% и Останати стоки и услуги од 0,1%.

Цените во категориите Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици и Образование останаа непроменети.

Цените на мало во јули 2017 година во однос на истиот месец претходната година се зголемени за 2,9%, а на месечна основа цените на мало се непроменети. Цените на мало во периодот јануари-јули 2017 година се повисоки за 2,3%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во јули 2017 година споредено со претходниот месец се зголеми за 3,8% и изнесуваше 48,7 долари за барел. Во однос на јули 2016 година, цената на нафтата бележи раст од 8,0%. Цената на природниот гас во јули на месечна основа се намалила за 1,0%.

Графикон 1.8. Сурова нафта (Brent) - Цена и стапка на раст; Извор: Светска банка и пресметки на МФ




Што се однесува до металните производи, никелот како значаен извозен производ, во јули 2017 година се тргуваше со просечна цена од 9.491 долар за еден метрички тон ($/мт) и во однос на јуни 2017 година бележи зголемување на цената од 6,3 %. Споредено со истиот месец во 2016 година, цената на никелот се намалила за 7,5%. Покрај никелот, месечно зголемување на цената во јули забележаа и останатите основни метали. Така, цената на цинкот пораснала за 8,3%, на оловото за 6,4%, на бакарот за 4,6%, на калајот за 2,9% и на алуминиумот за 0,9%.

Графикон 1.9. Берзански цени на метали, во долари; Извор: Светска банка




Во јули благородните метали во јули бележат месечно намалување на цената. Така, цената на среброто во јули 2017 година во однос на претходниот месец се намалила за 4,6%, на златото за 1,9% и на платината за 1,3%.

Цената на пченицата на светските берзи во јули 2017 година во однос на јуни 2017 година се зголеми за 6,8%, додека цената на пченката бележи пад од 0,3%. Цената на јагнешкото месо во јули се зголеми за 1,5% на месечно ниво.

# 2. НАДВОРЕШНО ТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешно трговска размена во првите седум месеци од 2017 година изнесува 6.563,9 милиони евра, што претставува раст од 11,7% во однос на истиот период минатата година.



Графикон 2.3 Учество на стоките по економска намена во вкупниот извоз на Република Македонија во периодот I-VII- 2017 година (во %); Извор ДЗС и пресметки на МФ

Во периодот јануари – јули 2017 година најголемо учество во вкупната размена има размената на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28), кое изнесува 70,5% и останува на исто ниво споредено со истиот период претходната година.

## Извоз

Во периодот јануари - јули 2017 година вредноста на извезените стоки изнесува 2.781,1 милион евра и бележи раст од 13,8% (337,5 милиони евра) во однос на истиот период во 2016 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 11,8%.

Вредноста на извезените стоки во јули 2017 година изнесува 381,4 милиони евра и бележи пад од 5,6% (22,7 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се намали за 22,0%.



Графикон 2.2 Структура на извозот по СМТК, во периодот јануари - јули 2017 година; Извор: ДЗС

Анализирано на месечно ниво, извозот во јули 2017 година бележи пад од 11,9% (51,7 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, тој регистрира месечен пад од 8,2%.

Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари – јули 2017 година се: хемиски материи и производи, облека, железо и челик, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 49,2% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари – јули 2017 година споредено со истиот период од 2016 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 28, ЕФТА, Организација на земјите - извознички на нафта и

нафтени деривати, Западен Балкан, Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион и Заедница на независни држави, додека пад има само кај групацијата Северноамериканска зона на слободна трговија. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 14,8% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан раст од 7,3%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 81,5% и 11,2% соодветно.

Графикон 2.4 Учество на стоките по економска намена во вкупниот увоз на Република Македонија во периодот I-VII-2017 година (во %); Извор ДЗС и пресметки на МФ




## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари – јули 2017 година изнесува 3.782,7 милиони евра и бележи раст од 10,3% (351,8 милиони евра) во однос на истиот период од 2016 година, а физичкиот обем на увозот раст од 0,8%.

Вредноста на увозот во јули 2017 година изнесува 528,9 милиони евра, што претставува раст од 2,4% (12,3 милиони евра) во однос на истиот месец 2016 година, а увезените количини стоки се намалени за 32,7%.

Анализирано на месечно ниво, увозот во јули 2017 година бележи пад од 1,0% (5,2 милиона евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, тој регистрира месечен пад од 4,6%.

Табела 1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VII - 2016 | I - VII - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 49,0 | 64,6 | 15,6 | 31,9 |
| Мил. ЕУР | 17,4 | 27,1 | 9,7 | 55,8 |
| Мил.$ | 19,4 | 29,7 | 10,3 | 53,2 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VII - 2016 | I - VII - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 585,6 | 587,9 | 2,3 | 0,4 |
| Мил. ЕУР | 196,4 | 247,3 | 50,8 | 25,9 |
| Мил.$ | 219,1 | 270,3 | 51,2 | 23,4 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VII - 2016 | I - VII - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 8,8 | 25,8 | 17,0 | 193,6 |
| Мил. ЕУР | 503,4 | 591,0 | 87,7 | 17,4 |
| Мил.$ | 561,7 | 647,3 | 85,5 | 15,2 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VII - 2016 | I - VII - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 16,8 | 16,3 | -0,6 | -3,4 |
| Мил. ЕУР | 97,3 | 103,1 | 5,8 | 6,0 |
| Мил.$ | 108,6 | 112,5 | 3,9 | 3,6 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VII - 2016 | I - VII - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 367,3 | 391,4 | 24,1 | 6,6 |
| Мил. ЕУР | 231,5 | 257,6 | 26,2 | 11,3 |
| Мил.$ | 258,2 | 282,2 | 24,0 | 9,3 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VII - 2016 | I - VII - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 490,4 | 330,6 | -159,7 | -32,6 |
| Мил. ЕУР | 188,9 | 171,0 | -17,8 | -9,4 |
| Мил.$ | 210,6 | 187,8 | -22,8 | -10,8 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во првите седум месеци од 2017 година, трговскиот дефицит се зголеми за 1,5% односно 14,4 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во јули 2017 година трговскиот дефицит се зголеми за 31,1% односно 35,0 милиони евра споредено со јули 2016 година.

Графикон 2.5 Надворешно трговска размена на РМ (во милиони евра); Извор: ДЗС




Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од проширувањето на негативното салдо во размената со горива и мазива и храна и пијалаци, како и стеснувањето на позитивното салдо во размената со стоки за широка потрошувачка. Од друга страна, кон намалување на дефицитот дејствуваше стеснувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки и стоки за инвестиции без транспортна опрема, како и проширувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

Во периодот јануари – јули 2017, година 87,6% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција, Кина и Србија, а потоа следуваат: Турција, Италија, Јужна Африка, Русија, Полска, САД и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Шпанија и Бугарија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 87,2% од трговската размена во периодот јануари – јули 2017 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2016 година претставува зголемување од 0,1 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 92,6% и 83,2%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е намалена за 0,1 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 0,1 п.п. во однос на периодот јануари – јули 2016 година.

Табела 2.2 Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - VII - 2016 | | | | | I - VII - 2017 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 2.548,8 | 2.849.640.534 | 61,6671 | 175.729.067.764 | 83,1 | 2.405,8 | 3.146.006.610 | 61,5977 | 193.786.771.371 | 83,2 | 296.366.076 | 10,4 |
| УСД | 851,2 | 607.645.618 | 55,3582 | 33.638.167.658 | 15,9 | 1.022,0 | 660.177.581 | 56,4704 | 37.280.492.065 | 16,0 | 52.531.963 | 8,6 |
| ГБП | 3,2 | 10.830.391 | 78,4668 | 849.826.142 | 0,4 | 2,7 | 12.282.462 | 71,3239 | 876.033.117 | 0,4 | 1.452.071 | 13,4 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 3.403,3 | | | 210.217.061.565 | 99,0 | 3.430,6 | | | 231.943.296.554 | 99,5 | | |
| вк извоз: | 3.412,2 | | | 211.581.673.854 | 100,0 | 3.439,1 | | | 233.025.976.470 | 100,0 | | 10,1 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари – јули 2017 година изнесуваа 101.542 милиона денари, односно 16,1% од БДП, што претставува поголемо остварување за 4,7% во однос на истиот период минатата година.

Даночните приходи во наведениот  период се реализирани во износ од 59.757 милиони денари, односно 9,5% од БДП и во однос на истиот период лани се зголемени за 4,3%.

Графикон 3.1.Одделни категории приходи (во милиони денари);




Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 28.171 милиони денари, што претставува зголемување за 0,5% во однос на минатата година, со доминантно учеството во вкупните даночни приходи од 47,1%. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто-износ од 39.230 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 11.059 милиони денари (бруто наплатата е повисока за 5,0%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 18,5% споредено со истиот период 2016 година, што претставува значително зголемување). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ при увоз кој забележува поголемо остварување за 10,9% додека ДДВ од прометот во земјата забележа намалување од 4,6%. ДДВ од донации, чие учество е незначително, забележа поголемо остварување за 35,2%.

Акцизите се остварени во износ од 12.411 милиони денари (учество од 20,8% во даночните приходи), што претставува зголемување од 4,7%. Така, од овие два индиректни данока се остварени приходи од 40.582 милиона денари, односно 67,9% од вкупните даночни приходи во овој период од 2017 година.

Приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 8.388 милиони денари и забележуваат раст од 9,1% на годишна основа, при што 2/3, односно 65,1% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 8,7% од приходи од капитал, 7,3% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 6,2% од приходи по основ на договор на дело, 3,4% од приходи од имот и имотни права и 1,9% од приходи од земјоделство и шумарство. Приходите од данокот од добивка во овој седуммесечен период во 2017 година изнесуваа 7.634 милиони денари и забележаа поголемо остварување за 14,7% во однос на истиот период претходната година, што е главно резултат на данокот наплатен по основ на месечни аконтации (зголемување од 19,4%), дивиденда и друга распределба (зголемување од 95,9%) и на задржаниот данок за странски правни лица

(зголемување од 126,4%), додека намалување бележат доплатите по даночни биланси (намалување од 7,6%).

Приходите од царина беа остварени во износ од 2.926 милиони денари и забележаа зголемување од 6,6%. Приходите од други даноци со остварен износ од 227 милиони денари забележаа помало остварување за 32,0% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 29.806 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 5,1% споредено со истиот период од 2016 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско осигурување е повисока за 5,2%, кај придонесите за вработување за 5,2% и кај придонесите за здравствено осигурување за 5,0%.

Неданочните приходи беа остварени во износ од 7.879 милиони денари и во однос на истиот период лани забележаа поголемо остварување за 9,7% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 497 милиони денари, што претставува намалување од 51,6% во однос на истиот период претходната година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 2.670 милиони денари, односно за 32,8% повеќе во однос на истиот период лани.

## Приходи по буџетски корисници

Буџетските приходи, односно приливот на средства во Централниот буџет се остваруваат главно преку Министерството за финансии – функции на државата и во периодот јануари - јули 2017 година тие изнесуваат 72,5 милијарди денари, односно 91,0% од приходите на сите буџетски корисници, а претставуваат 47,9% од годишниот план на овој буџетски корисник.

Графикон 3.2. Структура на приходите на Министерството за финансии - функции на државата за I-VII 2017 година (во %); Извор: МФ




Во рамки на Министерството за финансии – функции на државата преовладуваат даночните приходи кои претставуваат 81,5% од вкупните приходи и приливи на овој буџетски корисник, при што нивната наплата до јули достигна 56,9% од годишниот план. Приливот на средства по основ на домашно задолжување во овој период изнесува 7,2 милијарди денари, што претставува 9,9% од вкупниот износ на овој буџетски корисник.

Следен буџетски корисник со најголеми приходи и прилив на средства е Министерството за транспорт и врски, чии приходи изнесуваат 1,7 милијарди денари, односно 2,1% од приходите и приливите на сите буџетски корисници, а претставуваат приходи од заеми, односно се остварени во вид на задолжување од странство. Министерството за образование и наука има остварено приходи во износ од 1,6 милијарди денари, односно 2,0% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници и најголемиот дел од тој износ, односно 85,1% претставуваат неданочни приходи, главно по основ на такси и надоместоци. Останатите буџетски корисници збирно имаат остварено 4,9% од вкупните приходи и приливи. Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

Во однос на буџетските фондови, најмногу приходи остварува Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, кои во периодот јануари - јули 2017 година изнесуваат 37 милијарди денари и претставуваат 56,8% од годишниот план на Фондот.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – јули 2017 година изнесуваа 112.243 милиони денари, односно 17,8% од БДП, што е повеќе за 6,0% во однос на истиот период минатата година.




Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 102.777 милиони денари учествуваа со 91,6% (16,3% од БДП) и се зголемени за 4,8% во однос на истиот период во 2016 година.

Платите и надоместоците беа реализирани во износ од 15.322 милиони денари и нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 13,7% и во однос на 2016 година се зголемени за 1,8%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 8.285 милиони денари и споредено со истиот период од 2016 година забележаа намалување од 4,5%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 73.403 милиони денари (11,7% од БДП). Средствата за трансфери забележаа поголема реализација за 4,7% споредено со истиот период во 2016 година и учествуваа со 65,4% во вкупните расходи.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 54.413 милиони денари, забележаа раст од 5,2% и учествуваа со 48,5% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 33.521 милион денари, што е зголемување

за 5,5% споредено со истиот седуммесечен период од 2016 година и учествуваат со 29,9% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 16,1%, односно забележаа поголема реализација за 2,1%. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 8.787 милиони денари забележаа зголемување од 0,9%, во споредба со истиот период претходната година. Субвенциите и трансферите беа остварени за 2,7% повеќе .

Каматните расходи изнесуваат 5.767 милиони денари, што е за 36,0% повеќе во споредба со истиот период во 2016 година. Расходите за камати од домашно задолжување беа зголемени за 6,7%, додека каматите од странско задолжување беа зголемени за 50,1%.

Во анализираниот период средствата за капитални расходи беа реализирани во износ од 9.466 милиони денари со структурно учество од 8,4% во вкупните расходи (1,5% учество во БДП), односно забележаа поголема реализација за 20,5% во споредба со истиот период лани.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет претставува 85% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Графикон 3.4. Структура на расходите по буџетски корисници за I-VII 2017 година (во %); Извор : МФ




Министерството за труд и социјална политика во периодот јануари – јули 2017 година реализираше 24,1 милијарда денари или 56,7% од вкупниот буџет за 2017 година. Притоа, најголем дел (73,9%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 17,8 милијарди денари или 57,5% од средствата наменети за 2017 година. Втора најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, кои учествуваат со 18,5% во вкупните расходи. За оваа намена реализирани се 55,4% (4,5 милијарди денари) од планираните за 2017 година.

Министерство за образование и наука во периодот јануари – јули 2017 година изврши буџетски средства во износ од 12,8 милијарди денари, што е 53,8% од вкупниот буџет за 2017 година. Најголем дел од расходите (59,9%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 7,6 милијарди денари или 58,7% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци се втора најзначајна ставка со учество од 15,0%, за што се потрошени 1,9 милијарди денари, односно 57,2% од вкупно предвидените. За стоки и услуги (кои учествуваат со 14,0% во вкупните

расходи) се реализирани 1,8 милијарди денари, што претставува 45,3% од вкупно предвидените средства за тековната година.

Во периодот јануари – јули 2017 година преку разделот Министерство за финансии - функции на држава[1] реализирани се 20,4 милијарди денари, што претставува 53,3% од годишниот буџет. Најголем дел од расходите или 46,7% отпаѓаат на отплата на главнина, за што во периодот јануари – јули 2017 година се потрошени 9,5 милијарди денари, односно 52,6% од средствата планирани за оваа намена во 2017 година. По однос на каматни плаќања отпаѓаат 28,2% од вкупните расходи, за што се реализирани 5,8 милијарди денари или 70,3% од планираното. Трета најзначајна ставка со учество од 12,8% се капиталните расходи, за што се потрошени 2,6 милијарди денари или 36,0% од годишниот план.

Во периодот јануари – јули 2017 година од страна на Министерството за внатрешни работи вкупно се реализирани 5,6 милијарди денари, што претставува 56,0% од сопствениот буџет за 2017 година. Најзначајна расходна ставка претставуваат плати и надоместоци со учество од 74,6%, за што се потрошени 4,2 милијарди денари или 58,3% од планираното. Втора најзначајна ставка се стоки и услуги со учество од 13,7%, за што се реализирани 773 милиони денари или 44,1% од годишниот план.

Во првите седум месеци од 2017 година, Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој реализираше средства во износ од 5 милијарди денари, што претставува 58,2% од планираните средства за тековната година. Најзначајна расходна ставка претставува субвенции и трансфери (со учество од 84,8%), за што во анализираниот период се извршени 4,3 милијарди денари или 63,6% од планираното. Капиталните расходи учествуваат со 14,1% во вкупните расходи, за што во периодот јануари – јули 2017 година се реализирани 708 милиони денари или 38,7% од годишниот план.

Министерството за одбрана во периодот јануари – јули 2017 година изврши буџетски средства во износ од 3 милијарди денари, што е 53,2% од вкупниот буџет за 2017 година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество со 67,2%, за што во првите седум месеци се реализирани 2 милијарди денари, што претставува 58,1% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 25,7% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 783 милиони денари, односно 57,4% од вкупно предвидените.

Министерството за здравство во првите седум месеци од годината реализираше буџетски средства во износ од 3,3 милијарди денари, што е 55,5% од вкупниот буџет за 2017 година. Тековните трансфери до вонбуџетските фондови имаат најголемо учество во расходите со 49,7%, за што во првите седум месеци се потрошени 1,6

[1] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално ко-финансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

милијарди денари или 67,2% од средствата наменети за 2017 година. Стоките и услугите се втора најзначајна ставка со учество од 31,0% во вкупните расходи, а во анализираниот период за оваа намена потрошена е 1 милијарда денари, односно 53,6% од вкупно предвидените. Реализацијата на капиталните расходи (кои учествуваат со 17,6% во вкупните расходи) изнесува 39,2% односно извршени се 571 милион денари.

Министерството за транспорт и врски во периодот јануари – јули 2017 година реализираше средства во износ од 2,5 милијарди денари, што е 55,8% од вкупниот буџет за 2017 година. Капиталните расходи имаат највисоко учество во вкупните расходи со 82,2%, а нивната реализација во првите седум месеци изнесува 56,7% односно извршени се 2 милијарди денари.

За Финансирање на дејностите од областа на културата[2] во периодот јануари – јули 2017 година извршени се средства во износ од 2,5 милијарди денари, што е 64,0% од вкупниот буџет за 2017 година. Капиталните расходи имаат највисоко учество во вкупните расходи со 33,6%, а нивната реализација во првите седум месеци изнесува 76,2% односно извршени се 833 милиони денари. Субвенциите и трансферите учествуваат со 31,8%, а за оваа намена реализирани се 788 милиони денари или 63,0% од планираното. За плати и надоместоци реализирани се 608 милиони денари, што претставува 57,8% од вкупно предвидените средства за тековната година, а оваа ставка претставува 24,5% од вкупните расходи. Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – јули 2017 година во Буџетот на Република Македонија е остварен дефицит од 10.701 милион денари, што претставува 1,7% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 9.779 милиони денари и претставува 1,6% од БДП.

2 Со финансирањето на дејностите од областа на културата се поддржуваат програмите на установите од областа на културата во издавачката дејност, библиотекарството, филмската дејност, музичката и сценско-уметничката дејност, заштитата на културното наследство, ликовната и галериската дејност, културно-уметничките манифестации, музејската и кинотечната дејност, меѓународната соработка од областа на културата, поддршката на младите таленти, организациите од областа на културата, децентрализацијата на власта и поинтензивно реализирање на капиталните проекти.

# 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ

Во периодот јануари – јули 2017 година, во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 105.996 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени во овој период е повисок за 0,4% во однос на истиот период од 2016 година.

Од вкупниот број нововработени, 41,8% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во јули 2017 година 18,1% се од евиденцијата на невработени.

Графикон 4.1. Преглед на невработени лица во АВРМ




Вкупниот број невработени лица изнесува 194.891, од кои 98.354 се активни баратели на работа, а 96.537 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е намален за 3,4%.

Најголем дел од невработените лица (66,2%) се градско население, а според половата структура 59,3% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 56,1% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 29,0% се со завршено средно образование, додека 14,8% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

Графикон 4.2 Преглед на новите вработувања; Извор: АВРМ




По возрасни групи, најголемиот дел или 54,0% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 55,8% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 9,5% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во јуни 2017 година оствари годишен раст од 2,8%, а во однос на претходниот месец е пониска за 0,4%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Уметност, забава и

рекреација (20,0%), Стручни, научни и технички дејности (9,8%) и Рударство и вадење камен (7,4%). Реалните плати во јуни забележаа годишен раст од 1,3%.

Просечната номинална бруто-плата во јуни 2017 година оствари годишен раст од 2,7%, а во однос на претходниот месец е пониска за 0,4%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Уметност, забава и рекреација (16,6%), Стручни, научни и технички дејности (8,3%) и Рударство и вадење камен (7,2%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 1,2%.

Графикон 4.3. Просечна нето плата (годишни промени, %); Извор: ДЗС




Графикон 4.4. Просечна исплатена месечна нето-плата по сектори на дејности (годишни промени, %)




Процентот на вработени што не примиле плата во јуни 2017 година изнесува 1,1% и е за 0,5 п.п. понизок во однос на истиот месец претходната година, а за 0,1 п.п. понизок во однос на мај 2017 година.

## Пензии

Во јули 2017 година во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување евидентирани се 306.781 пензионер, што претставува зголемување од 1,5% во однос на истиот период минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е поголем за 19 лица. Од вкупниот број пензионери, 62,9% се корисници на старосна пензија, 24,9% се корисници на семејна пензија и 12,2% се корисници на инвалидска пензија.

Просечната пензија во јули 2017 година изнесува 13.806 денари и е за 5,6% повисока во однос на истиот месец минатата година. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во јуни 2017 година (последни расположливи податоци) изнесува 60,7%.

Графикон 4.5 Вкупен број на пензионери и просечна исплата на пензии; Извор: ФПИОМ




Просечната старосна пензија во јули изнесува 15.118 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 12.532 денара, а просечната семејна пензија 11.112 денари.

# 5. МОНЕТАРЕН СЕКТОР

Во јули 2017 година, Народна банка на Република Македонија ја задржа основната каматна стапка на 3,25%, откако претходно ја намали за 0,25 п.п. во февруари 2017 година. Ваквата реакција се должи на постојаното стабилизирање на очекувањата и на довербата на економските субјекти, како и на растот на структурната ликвидност на банкарскиот сектор.

Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,5%.

## Примарни пари

Во јули 2017 година, примарните пари[3] регистрираа раст од 3,0% на годишна основа, во услови на раст на готовите пари во оптек од 10,1% и пад на вкупните ликвидни средства на банките од 4,0%.

Графикон 5.1. Валутна структура на депозити и кредити во јули 2017 година; Извор: НБРМ




На месечно ниво, примарните пари регистрираа раст од 1,7%, како резултат на зголемувањето на готовите пари во оптек за 4,1%, додека вкупните ликвидни средства на банките се намалија за 0,9%.

## Депозитен потенцијал

Во јули 2017 година, вкупните депозити на банките регистрираа пад од 0,1% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија се зголемија за 0,4%, додека депозитите на домаќинствата се намалија за 0,4%.

Од аспект на валутата, во јули 2017 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута се намалија за 0,5%, а депозитите во странска валута регистрираа раст од 0,5%.

Вкупниот депозитен потенцијал во јули 2017 година оствари раст од 7,3% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 8,5% и 5,5%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво депозитите на претпријатијата овој месец бележат раст од 10,2%, како и депозитите на домаќинствата кои се зголемија за 5,4%.

[3]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 3,9%, а долгорочните депозити регистрираа зголемување од 6,4%.

Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна, при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база кое изнесува 58,6%.




Табела 2.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор; Извор: НБРМ

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (јули 2017 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **318.188** | **-0,1%** | **7,3%** |
| Денари | *186.450* | -0,5% | 8,5% |
| Странска валута | *131.738* | 0,5% | 5,5% |
| Краткорочни | *150.216* | -0,1% | 3,9% |
| Долгорочни | *87.267* | 0,2% | 6,4% |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **287.256** | **0,3%** | **4,9%** |
| Денари | 238.429 | 0,7% | 7,5% |
| Странска валута | 48.826 | -1,6% | -6,0% |
| Краткорочни | 61.924 | -0,4% | 2,8% |
| Долгорочни | 204.894 | 0,6% | 7,0% |
| Сомнителни и спорни побарувања | 18.950 | -0,9% | -7,5% |

## Кредити на банките

Во јули 2017 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,3% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека во јули кредитите кон претпријатијата се намалија за 0,1%, а кредитите кон домаќинствата регистрираа раст од 0,8%. Од аспект на валутата, во јули 2017 година, на месечно ниво денарските кредити регистрираа раст од 0,7%, а девизните кредити се намалија за 1,6%.

На годишна основа, во јули 2017 година вкупните кредити се зголемија за 4,9%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата за 9,8%, додека кредитите кон претпријатијата се зголемија за 0,8%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 7,5%, додека кредитите во странска валута регистрираа пад од 6,0%.

Од аспект на рочноста, пак, долгорочните кредити бележат годишен раст од 7,0%, а краткорочните кредити се зголемија за 2,8%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Вкупната каматна стапка на кредитите во јули 2017 година изнесува 5,9%, што претставува пад од 0,1 п.п во споредба со претходниот месец. Каматната стапка на денарските кредити изнесува 6,2% и е непроменета во споредба со претходниот месец, а каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,1 п.п на месечно ниво и изнесува 4,9%.

Графикон 5.3. Каматни стапки на депозитни банки, јули 2017 година; Извор:НБРМ




Вкупната каматна стапка на депозитите во јули изнесува 1,5% и е помала за 0,1 п.п. во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити изнесува 2,1%, што претставува пад од 0,1 п.п. во споредба со минатиот месец, додека каматната стапка на девизните депозити е непроменета на месечно ниво и изнесува 0,8%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во јули 2017 година вкупниот промет на берзата регистрираше пад од 4,1% на месечно ниво, како резултат на намалувањето на прометот од блок трансакциите за 62,6%, додека прометот од класичното тргување се зголеми за 42,2%.

Графикон 5.4. Вкупен промет на берза и МБИ 10; Извор: Македонска берза




Вкупниот промет на берзата во јули 2017 година изнесуваше 401 милион денари и регистрираше раст од 37,5% на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на јули 2017 година изнесуваше 2.501,16 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е зголемен за 9,6%, а во однос на истиот месец претходната година индексот е повисок за 34,8%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на јули 2017 година изнесуваа 2.273,3 милиони евра и во однос на претходниот месец се намалени за 126,7 милиони евра, додека во однос на јули 2016 година се намалени за 314,9 милиони евра.

Министерство за финансии
Сектор за макроекономска политика
„Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје
http://www.finance.gov.mk/mk
http://www.finance.gov.mk/mk/node/693